RENAULT
PRO+

Новиот

Renault TRAFIC

Trafic за секоја професија

Комплетно новиот Renault TRAFIC има за цел да ги задоволи сите ваши секојдневни потреби. Помеѓу многубројните верзии – од фургон до возила со продолжена кабина – ќе најдете возило кое ќе одговара на вашите потреби и со кое ќе станете најдобар во својата професија. На вас кои имате специјални побарувачки, на располагање ви се различен тип на прилагодувања по ваша мерка. Освен исклучително голем товарен простор, новиот Renault TRAFIC нуди и обновен дизајн, 2- литарски мотор и удобно возење со автоматски менувач.

TRAFIC

Препознатлив карактер

Новиот Renault TRAFIC останува лојален на себе и веќе на прв поглед се разликува од останатите возила.Преден дел со хромирана маска, LED светла и дневни светла во облик на буквата C комбинираат динамика и робусност. Новиот Renault TRAFIC е многу повеќе од лесно комерцијално возило бидејќи со својот карактер моќно придонесува за вашата ефикасност и сигурност.



Вистинска мобилна канцеларија

Влезете во својот нов работен простор. Просторен и удобен патнички простор во новиот Renault TRAFIC, кој може да има до три прави седишта, дизајниран е така да имате оптимални услови при извршување на секојдневните обврски: ергономски седишта со прилагодлива потпора во лумбалниот дел, управувач со прилагодување по висина и должина, автоматски клима уред... За подобро чувство тука е и многубројната опрема (држач за паметен телефон, подвижен наслон на средното седиште на кој може да го поставите својот компјутер...) и завршна обработка (темно сиви внатрешни обвивки, хромирани украсни детали, нова рачка на менувачот...). Нема да недостасуваат ни корисни места за складирање, вкупно 90 литри и тоа голема преграда од 54 литри под совозачкото седиште која ви е при рака за сè што ви е потребно. Новиот Renault TRAFIC е ваш нов партнер за постигнување ефикасни резултати.

Прилагоден на вашиот тим и терен

Новиот Renault Trafic со задоволство превезува и луѓе и товар. Благодарение на рекордната должина на товарниот простор од 4,15 м (при рационално искористување на капакот под совокозачката клупа) и корисна зафатнина од 8,6 м^3, во него може да го превезете сиот алат и материјал како и подолги предмети. За полесен пристап до товарниот простор тука се страничните лизгачки врати и задните врати со отварање до 255°. Дали со вас се превезува и вашиот тим ? Во верзијата со продолжена кабина удобно може да се сместат до 6 лица. Со новиот Renault TRAFIC комбинирате корисно со пријатно.

1.

2.

Возете поврзани

Останете поврзани со помош на мултимедијалните системи во новото возило Renault TRAFIC. Системите Media Nav Evolution и R- LINK Evolution овозможуваат содржините и апликациите од вашиот паметен телефон да ги следите на големиот екран чувствителен на допир на инструмент таблата. Управувањето со вашето мултимедијално опкружување може да оди и преку апликацијата R&Go која го поврзува вашиот паметен телефон или таблет со возилото. Уште поголеми задоволства и потполна опуштеност при возењето!

1. Со системот Media Nav Evolution целата мултимедијална опрема ви е на дофат на рака. Новитет е функцијата за следење на екранот од вашиот паметен телефон (Android Auto™* или Apple Car Play**). Мултимедијалниот екран чувствителен на допир , помеѓу другото ви овозможува пристап до навигацискиот систем, телефонирање без ангажирање на рацете, дигитално радио и музика.

2. R&Go, апликација за интеграција на паметен телефон или таблет: за слушање музика, управување со контакти, прецизна навигација или проценка на потрошувачката на гориво. Едноставно поставете го својот паметен телефон или таблет на носачот и следете ги упатствата.

3. Со системот R-LINK Evolution возилото може уште подобро да го прилагодите по сопсвена желба. Направете го возењето уште поудобно преку податоците за возилото, навигацискиот систем Tom Tom, функциите на телефонот и мултимедијалната опрема. Со приказот на екранот на вашиот паметен телефон може да ги користите сите ваши апликации.

*Android Auto™ е бренд на компанијата Google Inc. Апликацијата не е достапна во сите држави.
**Apple CarPlay е бренд на компанијата Apple Inc.



3.

Menu principal
Navigation
Multimédia
Téléphone
Véhicule
Services
Système
Activer Mes services
START
STOP

Бои

Ледено бела (369)(1)

Црвена Magma (NNS)(1)

Сива Urban (KPW)(1)

Сива Platina (D69)(2)

Сина Panorama (J43)(2)

Сива Cassiopée (KNG)(2)

Црна Midnight (D68)(2)

Бакарно кафена (CNH)(2)

Пепел кремава (HNK)(2)

(1) Стандардна боја со заштитен лак. (2) Металик боја.
Фотографиите се симболични и необврзувачки.

Навлаки

Kompo



Java

Капаци и фелни

41 cm (16'')
фелни Mini

41 cm (16'')
фелни Maxi

43 cm (17'')
алуминиумски фелни Cyclade

Тркала и пневматици*

ВИД НА ПНЕВМАТИЦИ	Летни пневматици		Летни пневматици		Летни пневматици		Пневматици за сите сезони
Големина на пневматиците/наплатка	205/65 R16		215/65 R16		215/60 R17		205/65 R16
Марка	Goodyear Cargo Marathon TLCCO2	Continental VancoEco	Continental VancoEco	Goodyear Cargo Marathon	Michelin Agilis 51	Dunlop Econodrive	Goodyear CargoVector 2
Енергетска ефикасност според потрошувачката на гориво	B	B	B	B	B	B	C
Зафат на влажна подлога	B	A	B	B	A	B	C
Шум (dB)	71	72	70	70	72	70	69

*Понудата може да се разликува во зависност од државата

Опрема

СЕРИСКА ОПРЕМА

Дизајн
- Нов држач на симболот со хромирана лајсна
- Нова предна маска со хромирана предна ивица
- Нова рачка на менувачот
- Контролна табла во темно сива боја
- Нови навлаки KOMPO
- LED фарови и дневни светла во облик на буквата C
- Двобоен браник
- Хромирана рамка на менувачот

Опрема
- Клуч на преклопување со 3 копчиња
- Филтер против прав
- Ново авторадио 1DIN со или без дигитално авторадио (со доплата)
- Неостаклен преграден ѕид
- 12 V приклучок на средната конзола
- Возачко седиште со држач за раце и прилагодување по висина
- Затворена преграда под совозачкото седиште
- Алки за прицврстување на товар во багажникот
- USB приклучок на средната конзола

TRAFIC

Откријте го новиот Renault Trafic
на **www.renault.mk**

Презедовме сè што е во наша моќ за точност на содржината на оваа брошура при нејзиното печатење, којашто би ги содржела и последните измени. Изработена е врз основа на пред-сериските возила или прототипови. Во рамките на политиката на постојано усовршување на производите, Renault го задржува правото на промена на прикажаната спецификација, возило и дополнителна опрема. Овластените дилери на Renault за овие промени се известуваат во најкраток можен рок. Моделите можат да се разликуваат во зависност од одредени пазари, опремата (сериска, со доплата или дополнителна), па можат да не бидат секаде достапни. За најнови информации обратете се до најблискиот импортер. Поради технички ограничувања при печатењето, можно е боите во оваа брошура благо да отстапуваат од реалните бои на каросеријата или материјалите на внатрешните облоги. Сите права се задржани. Забрането е умножување на оваа брошура во која било форма или на кој било начин, во целост или делумно, без претходна согласност од компанијата Renault.

Prodigious Автори на фотографија: A. Bernier, U. Heckmann, Additive, ©Renault Marketing 3D-Commerce
Аутомотив Груп, ул.Скупи 14, 1000 Скопје | www.renault.mk | Август 2019